Република Северна Македонија
Општина Вевчани
Бр. 04-26/7
23.01 2020 год.
ВЕВЧАНИ

Согласно член 48, 50, 51 и 52 од Законот за административни службеници ( Службен весник на РМ бр.27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр154/15, бр.5/16 и бр.142/16 и бр.11/18) Градоначалникот на Општина Вевчани донесува:

# О Д Л У К А

## за невршење на избор на кандидат за унапредување на административен службеник по пат на Интерен оглас број 1/2019

1. Не се врши избор на кандидат за унапредување на административен службеник по интерен оглас број 1/2019 објавен на ден 30.12.2019 година од Агенцијата за администрација за работното место помлад соработник за ЛЕР во Одделението за урбанизам, комунални работи заштита на животна средина и локален економски развој.
2. Оваа одлука ќе биде објавена на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По барање за објавување на интерен оглас од страна на општина Вевчани бр. 04 - 1074/3 од 30.12.2019 година, Агенцијата за администрација објави интерен оглас 1/2019 на ден 30.12.2019 година за пополнување на едно слободно (1) работно место – Помлад соработник за ЛЕР во во Одделението за урбанизам, комунални работи заштита на животна средина и локален економски развој во општина Вевчани.

Интерниот оглас бр. 1/2019 беше објавен на 30.12.2019 година на страната на Агенцијата за администрација и веб страната на општина Вевчани. Рокот за пријавување на кандидатите од пет (5) дена по огласот траеше до 03.01.2020 година.

Законскиот рок за административна селекција е петнаесет (15) дена, односно до 18.01.2020 година кој во оваа постапка не беше запазен.

– Од тие причини се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука согласно член 48, 50, 51 и 52 од Законот за Административни службеници.

**Поука и правно средство:** Против оваа Одлука е дозволена жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Општина Вевчани**

**Градоначалник**

**Сашо Јанкоски**

Република Северна Македонија
ВЕВЧАНИ
Општина Вевчани